Врз основа на член 128 став 1 алинеја 5 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ СО ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ И ПРОНАЈДЕНИ ПРЕДМЕТИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува постапувањето на полициските службеници со привремено одземени и пронајдени предмети.

### Член 2

Привремено одземени предмети во смисла на овој правилник се оние предмети кои полицискиот службеник ќе ги одземе доколку за нив постојат основи на сомневање дека се употребени или биле наменети за извршување кривично дело или прекршок или се предмет, односно принос од извршено кривично дело или прекршок, по налог на судот или за нив се води управна постапка.

Пронајдени премети во смисла на овој правилник се оние предмети на кои во моментот на нивното наоѓање не може да им се утврди сопственикот, односно владетелот.

## II. ПОСТАПУВАЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ СО ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ

### Член 3

За привремено одземените предмети, полицискиот службеник составува потврда во четири примероци од кои еден примерок му се предава на лицето од кого се одземени предметите.

Потврдата од ставот 1 на овој член содржи:

1. штембил на Министерството за внатрешни работи со архивски број и датум и назив на организационата единица;
2. правен основ за издавање на потврдата;
3. датум, час и место на кои предметите биле одземени; лични податоци за лицето од кое се одземени предметите и име и презиме на полицискиот службеник кој ги одземал предметите;
4. опис на предметите дадени според нивните општи или индивидуални карактеристики по број, вид, марка или одреден квалитет, означени со реден број;
5. реден број со кој завршува описот на предметите, означен со броеви и букви;
6. основот по кој е извршено одземањето;
7. евиденциски број под кој настанот е заведен во Книгата за дневни настани;
8. потпис на полицискиот службеник кој ги одзел предметите;
9. место за печат и
10. потпис на лицето од кое се одземени предметите, број на неговата лична карта, назив на органот кој ја издал личната карта и ЕМБГ.

Образецот на потврдата од став 1 на овој член е составен дел на овој Правилник.

### Член 4

До поднесување кривична пријава (во натамошниот текст: пријавата) или барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд или орган (во натамошниот текст: барањето), привремено одземените предмети се чуваат во посебно определени и опремени

простории во организационите единици во седиштето на Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството), во секторите за внатрешни работи (во натамошниот текст: секторите) и во регионалните центри за гранични работи (во натамошниот текст: регионалните центри).

Со поднесување на соодветна пријава, односно барање сите привремено одземени предмети, освен добиток, дрва, лесно расиплива стока и стока со ограничен рок на употреба, се предаваат на надлежниот суд или орган на државната управа, доколку од страна на судот не се одлучи истите и понатаму да се чуваат во Министерството. Во прилог на пријавата, односно барањето се приложува и примерок од потврдата за одземените предмети, како и останатата документација што се однесува на привремено одземените предмети предадени на чување во соодветни правни лица или документ дека истата е останата на чување во Министерството.

За предадените предмети во судот, орган на државната управа или во соодветно правно лице полицискиот службеник обезбедува потврда која се чува во досието за одземениот предмет.

Член 5

Во случаите кога полициските службеници ќе утврдат дека не постои основ за поднесување пријава, односно барање за поведување соодветна постапка, привремено одземените предмети се враќаат на лицето од кое се одземени.

За враќањето на привремено одземените предмети полицискиот службеник на лицето од кое се одземени предметите му издава потврда, за што се составува службена белешка од која примерок се одложува во досието за одземени предмети.

Член 6

Доколку постои интерес за определено старо или карактеристично оружје, муниција, експлозивни средства, фалсификувани девизни средства, или наркотична дрога, психотропна супстанција или прекурсор (во мала количина) да се чува како музејска збирка или заради дополнително остручување во соодветната област, од страна на Министерството може истото да се побара од судот кој одлучува за привремено одземените предмети.

Член 7

За привремено одземените предмети се води посебна евиденција во форма на регистар и досие.

Регистарот и досиејата од ставот 1 на овој член ги водат полициски службеници во организационите единици во седиштето на Министерството, во секторите и во регионалните центри, каде е извршено привременото одземање на предметите.

## 1. Постапување со привремено одземени предмети од историско или културно значење, како и со предмети од поголема вредност

Член 8

Привремено одземените предмети од историско или културно значење, како и предметите од поголема вредност се фотографираат од страна на полицискиот службеник и нивните фотографии се приложуваат во досието за одземени предмети.

## 2. Постапување со одземени благородни метали, предмети од благородни метали, скапоцени камења, денари и девизи

Член 9

На одземените благородни метали, предмети од благородни метали, скапоцени камења, денари и девизи им се утврдуваат карактеристиките и квалитетот во овластена институција, за што се составува записник.

За одземените денари и девизи, покрај податоците од ставот 1 на овој член, во потврдата за одземени предмети поединечно се внесуваат апоените и сериските броеви.

## 3. Постапување со одземени возила, наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, оружје, муниција и експлозивни материи

Член 10

Привремено одземените возила до поведување на соодветна постапка, се чуваат во седиштето на Министерството и во секторите.

При одземањето и при предавањето на возилото истото се фотографира. Примерок од фотографиите се приложува во пријавата, односно барањето и во досието за одземени предмети.

Член 11

Одземената наркотична дрога, психотропна супстанција или прекурсор се вештачи во Министерството, за што се составува записник во кој се констатира видот, количината и квалитетот на истите.

Одземената наркотична дрога, психотропна супстанција или прекурсор од ставот 1 на овој член се сместува во посебни вреќи кои се запечатуваат и пломбираат со жиг на Министерството.

Член 12

Со одземеното оружје, муниција и експлозивни материи, во управна постапка се постапува согласно прописите за оружјето.

## 4. Постапување со одземен добиток

Член 13

Одземениот добиток до завршување на судската постапка, односно постапката на надлежниот орган на државната управа се предава на чување во правно лице регистрирано за чување и одгледување добиток или на надлежната ветеринарна станица.

## 5. Постапување со одземени дрва

Член 14

Одземените дрва до завршувањето на судската постапка, односно постапката на надлежниот орган на државната управа се предаваат на чување во правно лице од областа на шумарството и дрвната индустрија, доколку судот поинаку не одлучи.

### 6. Постапување со лесно расиплива стока и стока со ограничен рок на употреба

Член 15

Одземената стока која е подложна на брзо расипување или која е со ограничен рок на употреба, ќе се предаде на правно лице чија дејност е вршење на промет и услуги со таков вид на стоки или на друго правно лице, по налог на судот.

## III. ПОСТАПУВАЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ СО ПРОНАЈДЕНИ ПРЕДМЕТИ

Член 16

За секој пронајден предмет полицискиот службеник составува записник во кој се внесуваат податоци за лицето кое ги пронашло предметите; обележја на пронајдените предмети (опис на предметите, даден според нивните општи или индивидуални карактеристики по број, вид, марка или квалитет) и датум, време и место на пронаоѓање на предметите.

Примерок од записникот од став 1 на овој член се предава на пронаоѓачот.

Член 17

Полицискиот службеник по приемот на предметот врши проверка во евиденцијата на украдени предмети и доколку се утврди сопственикот, истиот се повикува да го подигне предметот.

За враќањето на предметот полицискиот службеник составува потврда во три примероци, од кои еден примерок се дава на лицето на кое се враќа предметот.

Потврдата од став 2 на овој член содржи: изјава на лицето дека го примил предметот која содржи (име и презиме, место и адреса на живеење, регистарски број на лична карта и назив на органот кој ја издал личната карта) и обележја на пронајдените предмети (опис на предметите, даден според нивните општи или индивидуални карактеристики по број, вид, марка или квалитет).

Член 18

Ако за пронајдениот предмет се води управна, прекршочна или судска постапка пред надлежен орган или суд, полицискиот службеник со истиот постапува согласно одредбите од член 3 до член 15 на овој правилник.

Член 19

Пронајдените предмети за кои не се води управна, прекршочна или судска постапка пред надлежен орган или суд, се чуваат во посебно одредени простории во секторите.

Доколку има потреба, во посебно карактеристични случаи, предметите се предаваат на чување во седиштето на Министерството.

Член 20

Доколку во рок од една година од денот на пронаоѓањето на предметите не се пронајдат или не се јават сопствениците, предметите се продаваат на правно или физичко лице, а соодветни предмети за кои има потреба остануваат на користење во Министерството.

Предметите кои од објективни причини не може да се чуваат долго време, лесно расипливата стока и добитокот, веднаш по пронаоѓањето се продаваат, односно предаваат на правно лице овластено за производство и промет со предмети од таков вид.

Продажбата на пронајдените предмети од ставовите 1 и 2 на овој член се врши по пат на јавно наддавање, во седиштето на секторот.

Најмалку еднаш во текот на годината во јавните гласила од страна на Министерството, односно секторите се објавува јавен повик за препознавање на пронајдените предмети во кој се наведува локацијата каде ќе бидат изложени пронајдените предмети и периодот во кој може да се изврши нивно препознавање, а кој период не може да биде пократок од 30 дена од денот на објавувањето на јавниот повик во јавните гласила.

Член 21

Сопственикот на пронајдениот предмет, доколку на друг начин не може да ја докаже сопственоста, тоа може да го стори со двајца сведоци кои ќе дадат писмена изјава пред полицискиот службеник дека пронајдениот предмет е негова сопственост.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Со привремено одземените предмети за кои е во тек управна, прекршочна или судска постапка пред надлежен орган или суд и пронајдените предмети на кои им истекол рокот од една година од денот на наоѓањето, а сé уште не се продадени, ќе се постапува согласно одредбите на овој правилник.

Член 23

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 11.11.2007 година.

Бр. 131-32682/1
14 мај 2007 година
Скопје

Министер,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
___________________________________________
(назив на организациона единица)
**Бр.**________________________________________
________________________ __________ **година**
___________________________________________

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“, број 114/06) се издава

## П О Т В Р Д А

### за привремено одземени предмети

На ден __________година во ________час, во_______________ од лицето ____________ ________________________________________ роден-а ___________________________ година во __________________________ со живеалиште ________________________________________ на ул.__________________________________________бр.__________________, полицискиот службеник_______________________________________ привремено ги одзеде следните предмети (дадени според нивните општи или индивидуални карактеристики по број, вид, марка или одреден квалитет):

1.________________________________________________________________________________
2.________________________________________________________________________________
3.________________________________________________________________________________
4.________________________________________________________________________________
5.________________________________________________________________________________
6.________________________________________________________________________________
7.________________________________________________________________________________
8.________________________________________________________________________________
9.________________________________________________________________________________
10._______________________________________________________________________________

Заклучно со реден број:________(со букви)_____________________________________.

Наведените предмети се предмет на: __________________________________________________
_____________________________________________________________________________________
(основ по кој е извршено одземањето)

Настанот е заведен во Книга за дневни настани под број _______________ .

**Предметите ги одзел**
**Полициски службеник**
_____________________________

**Предметите се одземени од:**
___________________________
л.карта бр.__________________
издадена од ________________
ЕМБГ ______________________

**М.П.**